[redacted]

АПЕЛАЦИОНИОТ СУД СКОПЈЕ во совет составен од судиите: [redacted], претседател на советот [redacted] и [redacted], членови на советот, во правната работа на тужителот [redacted] од Скопје, против тужениот адвокат [redacted] од Скопје, за надомест на штета, вредност 33.811,00 денари, решавајќи по жалбата на тужениот, изјавена преку полномошник [redacted], адвокат од Скопје, против пресудата на Основен суд Скопје 2 Скопје МАЛВП-161/17 од 18.07.2017 година, на нејавната седница одржана на ден на 15.12.2017 година, донесе:

## Р Е Ш Е Н И Е

ЖАЛБАТА на тужениот, изјавена преку полномошник [redacted], адвокат од Скопје, СЕ УВАЖУВА.

ПРЕСУДАТА на Основен суд Скопје 2 Скопје МАЛВП-161/17 од 18.07.2017 година, СЕ УКИНУВА и предметот се враќа на првостепениот суд на повторно судење.

## О б р а з л о ж е н и е

Основниот суд Скопје II Скопје, со обжалената пресуда да го усвоил тужбеното барање на тужителот, па го задолжил тужениот да му плати на тужителот на име надомест на штета вкупен износ од 33.811,00 денари со законска казнена камата во висина на референтната стапка на НБ на РМ што за секое полугодие важела на последниот ден од полугодието што му претходело на тековното полугодие, зголемена за 8 процентни поени, сметано на износ од 20.028,00 денари од 02.06.2015 година до исплатата, а на износот од 13.729,00 денари од 01.12.2016 година до исплатата, како и да му ги надомести трошоците на постапката во износ од 30.624,00 денари, се во рок од 8 дена по приемот на оваа одлука, под страв на присилно извршување.

Незадоволен од наведената пресуда останал тужениот, кој преку неговиот полномошник, изјавил навремена жалба поради суштествена повреда на одредбите на парничната постапка, погрешно и нецелосно утврдена фактичка состојба и погрешна примена на материјалното право, со предлог жалбата да се усвои, а побиваната пресуда да се укине и предметот да се врати на првостепениот суд на повторно судење.

Одговор на жалба е поднесен од тужителот, преку неговиот полномошник [redacted] адвокат од Адвокатското друштво [redacted] од Скопје, со кој во целост се побиваат жалбените наводи на тужениот, со предлог жалбата да се одбие како неоснована, а обжалената пресуда да се потврди, како и да се задолжи тужениот со трошоци за поднесениот одговор на жлаба.

Апелациониот суд Скопје ја испита побиваната пресуда врз основа на списите во предметот, наводите во жалбата и наводите во одговор на жалбата, па најде:

Жалбата е основана.

Основани се жалбените наводи на тужениот за сторена суштествена повреда на одредбите од чл.343 ст.2 т.14 од Законот за парнична постапка, од причина што обжалената пресуда е нејасна и неразбирлива, не содржи доволно образложени причини од кои се раководел судот при одлучувањето, па истата не може со сигурност да се испита.

По оцена на овој суд, првостепениот суд во текот на постапката сторил суштествена повреда на одребите на парничната постапка од чл.343 ст.2 точ.17 в.в. со чл.107 ст.1 од ЗПП, бидејќи видно од списите по предметот е дека рочиштата по предметот не се тонски снимани, нуту пак на записник било констатирано дека не постојат технички множности за да истите тонски се снимаат. Во конкретниот случај тужбата е поднесена и постапката е започната на 01.02.2017 година, што значи дека постапка е започната по донесување на Законот за измени и дополнување на Законот за парнична постапка (Сл.весник на РМ бр.124/15 од 23.07.2015 година) кој започна да се применува од 23.01.2016 година, а согласно чл.107 ст.1 од наведениот Закон, „рочиштето, по правило, се одржува во судска зграда и тонски се снима", а согласно чл.343 ст.2 т.7 од истиот закон, „суштествена повреда на одредбите на парничната постапка постои ако спротивно на одредбите од членот 107 став (1) од овој закон рочиштето не е тонски снимено."

Првостепениот суд од изведените докази утврдил дека тужителот го ангажирал тужениот адвокат Борис Ношпал да му пружи адвокатски услуги во врска со неговото барање да му се утврди право на сопственост на недвижен имот, а тужениот се согласил да му ја пружи оваа услуга. Во нивниот меѓусебен договор тужениот земал обврска во име и на сметка на тужителот да изготвува и да доставува до надлежните судови тужби и други поднесоци кои се потребни за водење на постапката, да го застапува пред судовите и другите органи, да му дава правни совети и да ги врши сите останати дејствија од неговиот делокруг на работа, се обврзал работата да ја извршува во согласност со начелата на совесност и чесност и благовремено да го известува тужителот за сите превземени дејствија во постапките. Тужениот на ден 21.08.2013 година, во име и за сметка на тужителот поднел тужба до Основниот суд Скопје 2 Скопје заведена под П1.бр.844/13 против тужената Руда Кривановиќ, за утврдување право на сопственост, меѓутоа, со писмен поднесок од 17.10.2013 година оваа тужба ја повлекол, без за тоа да го извести тужителот и без негово знаење. Во таа постапка на тужителот му предизвикал трошоци во износ од 8.216,00 денари и судот со решение од 14.11.2013 година го задолжил тужителот овие трошоци да ги плати на тужената Руда Кривановиќ. Ова решение станало правосилно на ден 25.03.2015 година и извршно на ден 05.05.2015 година, но тужителот бидејќи не бил известен дека вакви трошоци му се направени со повлекување на тужбата истите не ги платил, па против него лицето Руда Кривановиќ повела постапка за присилно извршување кај извршител Андреја Буневкси кој донел налог за извршување према тужителот за вкупен износ од 20.082,00 денари на име главен долг по извршната исправа од 8.216,00 денари, а останатото на име адвокатски торшоци, камата на главниот долг и трошоци за извршување. Тужителот овој износ го платил на извршителот Андреа Буневски на ден 02.06.2015 година, па бидејќи за овој износ тужителот бил оштетен поради превземените штетни дејствија на тужениот, судот утврдил дека тужениот бил должен да му ја надомести оваа штета, со

законска казнена камата сметано од 02.06.2015 година до исплатата. Откако тужениот ја повлекол првично поднесената тужба од име и за сметка на тужителот против тужената Руда Кривановиќ, тој поднел нова тужба пред Основниот суд Скопје 2 Скопје која била заведена под П1.бр.1186/13. За оваа постапка го известил тужителот и на него му било познато дека постапката е во тек, меѓутоа таа постапка завршила со пресуда на ден 01.12.2014 година со кое тужбеното барање на тужителот било одбиено како неосновано и тој бил задолжен на тужената да и плати трошоци во вкупен износ од 35.516,00 денари. Оваа пресуда станала правосилна на ден 05.11.2015 година и извршна на ден 04.12.2015 година. Тужениот не го известил тужителот дека пресудата е веќе извршен наслов за да доброволно тужителот си ги платил трошоците за кои бил задолжен, па лицето Руда Кривановиќ повторно покренела постапка за присилно извршување на тие трошоци во висина од 35.516,00 денари. Извршителот Андреа Буневски донел налог за извршување према тужителот од неговата пензија да му се определи забрана на 1/3 од истата, за наплата на паричното побарување кое освен главниот долг од 35.516,00 денари дополнително било зголемено за уште 13.729,00 денари, од кои 8.009,00 денари на име трошоци за извршување и 5.720,00 денари на име адвокатски трошоци во извршната постапка. Судот утврдил дека овој вкупен износ за кој дополнително тужителот бил оптоварен во постапката за извршување, а поради однесувањето на тужениот и неговото неизвестување тужителот доброволно да го плати долгот, тужителот претрпел штета, поради што тужениот бил должен истата да му ја надомести со законска казена камата од 01.12.2016 година, односно од денот кога овој износ бил наплатен од трансакциската сметка на тужителот од неговата пензија.

На вака утврдени факти првостепениот суд применувајќи ги одредбите од чл.141 и чл.145 од Законот за облигациони односи, го усвоил тужбеното барање на тужителот, со образложение дека тужениот со дејствијата што не ги превземал, а бил должен да ги превземе како адвокат, односно со тоа што иако било договорено не го известил тужителот за текот на постапките на истиот му предизвикал штета која бил должен да му ја надомести, како и дека одговорноста на тужениот како адвокат произлегува и од Законот за адвокатура, каде е предвидено дека адвокатите се одговорни за совесно вршење на адвокатската должност.

Меѓутоа, по оцена на овој суд, основано се укажува во жалбата на тужениот дека вака даденото образложение на првостепениот суд не може да се испита во однос на битните факти утврдени како со првостепената пресуда.

Имено, првостепениот суд при одлучувањето се повикува на предметите П1.бр.844/13 и П1.бр.1186/13 двата заведени во Основниот суд Скопје 2 Скопје, без при тоа судот да ги прибави на увид списите на овие предмети за да може од полномошното со кое тужителот го овластил тужениот да го застапува во парнична постапка, да го утврди обемот на полномошното и дали во истото тужителот го овластил тужениот да превзема само определени дејствија или пак да ги превзема сите дејствија во постапката, односно да го утврди фактот дали во истото евентуално тужениот имал ограничување за повлекување на тужбата во смисла на тоа да пред да ја повлече тужбата по предмет П1.бр.844/13 требало предходно да побара согласност од тужителот. Во контекст на наведеното судот требало да го цени и чл.3 од Договорот за пружање на адвокастки услуги склучен помеѓу странките од 12.06.2013 година, во кое наведено дека „адвокатот се обврзува сите доверени дејствија да ги извршува во најкраток можен рок и во согласност со начелата на совесност и чесност, како и

благовремено да го известува корисникот за превземените дејствија и постигнатите резултати". Исто така судот не го утврдил фактот дали доколку тужениот пред да го поднесе писмениот поднесок за повлекување на тужба под П1.бр.844/13 го известел за тоа тужителот, истиот ќе ја продолжел постапката, а со тоа не би ја претрпел побаруваната штета настаната во врска со трошоците настанати со повлекување на тужбата во постапка П1.бр.844/13 и трошоците настанати во врска со наплатата во извршната постапка.

По однос на трошоците настанати по повод предметот заведен под П1.бр.1186/13 судот утврдил дека поради тоа што тужениот не го известил тужителот дека донесената пресуда во предметот станала извршен наслов за да истиот доброволно ги плател трошоците со кои бил задолжен, кои дополнително биле зголемени со трошоци за извршување тужителот претрпел штета која тужениот бил должен да му ја надомести. Меѓутоа, судот при одлучувањето требало да има во предвид дека тужениот за оваа постапка го известил тужителот и на него му било познато дека постапката е во тек, па во тој контекст да го цени фактот дека во секој случај тужителот би ги поднел трошоци со кои бил задолжен во постапката со оглед да го изгубил спорот. При тоа судот не утврдил дали доколку тужениот го известил тужителот дека пресудата станала извршен наслов, тужителот трошоците со кои бил задолжен во пресудата ќе ги плател веднаш и против него дополнително не би настанале трошоците во постапката за извршување.

Од овие причини следуваше жалбата да се уважи, а првостепената пресуда да се укине и предметот да се врати на првостепениот суд на повторно постапување и одлучување.

При повторното постапување првостепениот суд ќе треба да ја отстрани сторената суштествена повреда на одредбите на парничната постапка на начин што ќе донесе јасна и разбирлива одлука, при што да ги има во предвид погоре наведените укажувања од страна на овој суд. Судот ќе треба да ја има во предвид одредбата од чл.107 ст.1 од Законот за измени и дополнување на Законот за парнична постапка (Сл.весник на РМ бр.124/15 од 23.07.2015 година), дека рочиштата по предметот треба тонски да се снимаат, а доколку за тоа не постојат технички можности истото треба да се констатира на записникот за одржаното рочиште. Потоа тоа судот ќе треба да ги прибави на увид списите на предметите П1.бр.844/13 и П1.бр.844/13 заведени во Основниот суд Скопје 2 Скопје, па од полномошното со кое тужителот го овластил тужениот да го застапува во во парнична постапка да го утврди обемот на полномошното, односно да го утврди со сигурност фактот дали во истото евентуално тужениот имал ограничување за повлекување на тужбата во смисла на тоа да пред да ја повлече тужбата по предмет П1.бр.844/13 требало предходно да побара согласност од тужителот, а во тој контекс да го цени и чл.3 од Договорот за пружање на адвокастки услуги склучен помеѓу странките од 12.06.2013 година, како и да го утврди фактот дали доколку тужениот го известел тужителот за повлекување на тужба по предметот П1.бр.844/13, истиот ќе ја продолжел постапката по таа тужба. По однос на трошоците настанати по повод П1.бр.1186/13 судот ќе треба да го цени фактот дека тужениот за оваа постапка го известил тужителот и на него му било познато дека постапката е во тек, како и фактот дека во секој случај тужителот би ги поднел трошоци со кои бил задолжен во постапката со оглед да го изгубил спорот, па со сигурност да утврди дали тужителот претрпел штета во висина на трошоците настанати во наведената постапка.

При тоа судот ќе треба со сигурност да утврди и дали доколку тужениот го известил тужителот дека пресудата станала извршен наслов, тужителот трошоците со кои бил задолжен во пресудата ќе ги плател веднаш и против него дополнително не би настанале трошоците во постапката за извршување. Во зависност од сето утврдено судот ќе треба со сигурност да утврди дали постои причинско - последичната врска помеѓу не превземање на дејствијата на тужениот како адвокат и штетата што ја побарува тужителот, односно дали штетата на тужителот му била причинета токму поради тоа што тужениот не го известил за текот на постапките, па да цени дали тужителот има основ да побарува надомест на штета од сега тужениот, при што судот да ги им во предвид одредбите од чл.85, чл.141 и чл.145 од Законот за облигациони односи, како и чл.37 од Законот за адвокатура, па со правилна примена на материјалното право да донесе правилна и на закон заснована одлука.

Со оглед на тоа да се укина пресудата следуваше согласно чл.370 т.3 в.в.со чл.160 ст.3 од ЗПП, да се укине и одлуката за парнични трошоци, која ќе зависи од конечниот исход на спорот.

Врз основа на сето наведено следуваше да се одлучи како во изреката на ова решение согласно чл.358 ст.1 од ЗПП.

Апелационен суд Скопје ГЖ бр.5415/17 од 15.12.2017 година.

Претседател на совет-судија,
Лидија Мартинова, с.р.